РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Државен завод за индустриска сопственост
Бр. 01-637/1
21-08-2020 20___ год.
СКОПЈЕ

**Стратешки план на**
**Државниот завод за индустриска сопственост**
**за периодот 2021 –2023 година**

***Вовед***

Државниот завод за индустриска сопственост е управна организација со статус на самостоен орган на државната управа кој се финансира од сопствени приходи, а доколку се потребни дополнително средства и од буџетот на Република Северна Македонија и е институција која е надлежна за спроведување на управна постапка за стекнување и одржување на правата од индустриска сопственост, но има и пошироки надлежности утврдени со Законот за индустриската сопственост ("Службен весник на Република Македонија" бр.21/2009, бр.24/2011, 12/2014, 41/2014, 152/2015, 53/2016, 83/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/2020).

Надлежностите на Заводот се однесуваат и на иницирање на ратификации на меѓународни договори, следење на нивното извршување, соработка со меѓународни, европски и регионални организации за индустриска сопственост, соработка со други субјекти вклучени во системот на заштита на правата од индустриска сопственост, промоција на заштитата на индустриската сопственост и друго. Заводот ја претставува Република Северна Македонија и учествува во работата на телата и комитетите на Светската организација за интелектуална сопственост - СОИС, Европската патентна организација - ЕПО, а исто така е вклучен и во меѓународната соработка во рамки на Европската Унија - ЕУ, Светската трговска организација - СТО и билатералните договори за слободна трговија.

Со Одлука на Владата на Република Северна Македонија, Заводот е определен за раководење, со работната група за поглавјето 3.7. “Право на интелектуална сопственост“ во подготовката на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ и подготовките за преговарачки позиции и е институција носител за подрачјата: 3.7.2.-Права на индустриска сопственост и 3.7.3.-Спроведување.

Државниот завод за индустриска сопственост е институција која го координира процесот на зајакнување на целиот систем на развој и заштита на правата од индустриска сопственост и системот на спроведување на заштитата на правата од индустриска сопственост.

Државниот завод за индустриска сопственост соочен со обврските кои произлегуваат од Законот за индустриската сопственост, но и пред се обврските од евроинтеграционите процеси, членството во Светската организација за интелектуална сопственост, Светската трговска организација и учеството во работата на Европската патентна организација, презема низа активности соодветно да одговори на поставените задачи на планот на

хармонизација на легислативата, прифаќање на меѓународни договори и конвенции, зајакнување на билатералната соработка, учество во работните тела на организациите, освен на Светската трговска организација, како и активности на планот на афирмацијата и поттикнувањето на индустриската сопственост.

## Анализа на состојбите и оставрени резултати во 2019 година и оценка на остварувањата за 2020 година

### А. Анализа на состојбите и остварените разултати во 2019 година

Заводот континуирано врши анализа на состојбите во своето работење и во целокупната област на заштитата и спроведувањето на заштитата на индустриската сопственост, ги детерминира и ги посочува чувствителните сегменти во кои треба да се дејствува и врз основа на тоа предлага мерки и активности за зајакнување на заштитата на правата од индустриска сопственост. Мерките и активностите што ќе се преземаат во правец на постојана надградба на системот на заштита на индустриската сопственост се дефинирани во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, во чие подготвување Заводот активно учествуваше.

Согласно извештајот на Светската Организација за Интелектуална Сопственост (WIPO) заедно со INSEAD и Универзитетот Корнел за Глобалниот Иновативен Индекс (ГИИ) 2019 година, Република Северна Македонија има значителен напредок во однос на претходните две години, односно се наоѓа на 59то место од 129 држави во светот. што во голема мера се должи на целокупната политика на Владата на Република Северна Македонија во однос политиките за микро, мали и средни претпријатија. Според истиот извор, Република Северна Македонија има натпросечни оцени во пет од седумте столбови на Глобалниот иновациски индекс, кои се однесуваат на институции, инфраструктура, софистицираност на пазарот, каде е на 28мо место, знаење и технолошки резултати и креативни резултати.

Стратешкиот план на Заводот е заснован на обврските утврдени со Законот за индустриската сопственост, анализата на состојбите во областа на заштитата на индустриската сопственост, утврдената потреба за перманентно надградување на системот на заштита и спроведување на заштитата, обврските преземени со Спогодбата за стабилизација и асоцијација и обврската за давање придонес во реализацијата на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија.

Со ефикасното извршување на задачите кои произлегуваат од Стратешкиот план, Заводот ќе придонесе во остварување на приоритетите на Владата посебно во активностите за започнување на преговорите со ЕУ. Предусловите за отворање на процесот на преговори во областа на

интелектуалната сопственост ќе се обезбедат со перманентно следење на развојот на правото на Европската унија и усогласување на националното законодавство, зајакнувањето на административниот капацитет за користење на претпристапниот инструмент на Европската унија.

Заводот учествуваше на сесиите на комитетите на Светската организација за интелектуална сопственост и на Административниот совет на Европската патентна организација.

Со своето делување, Заводот ќе придонесе и за подобрување на деловната клима и зголемување на домашните и странските директни инвестиции преку поттикнување на развојот на иноваторството и трансферот на технологии што ќе се обезбеди со гарантирање на сигурната заштита на правата од индустриска сопственост.

Во 2019 година Заводот за индустриска сопсвеност во соработка со Светската организација за интелектуална сопсвеност реализира активности со цел евалуација на реализацијата на Стратегијата која беше усвоена и прифатена од Владата во октомври 2017 година, а заради подготовка на нова стратегија за индустриска сопственост за 2020-2025 година.

Во 2019 година Државниот завод за индустриска сопственост успешно и ефикасно ја реализираше основната надлежност за спроведување административна постапка за стекнување и одржување на правата од индустриска сопственост.

Во 2019 година вкупниот број на поднесени пријави на патенти изнесува 1099 и се донесени 972 решенија за признавање на правото на патент.

Во 2019 година поднесени се домашни пријави на трговски марки 870, странски пријави за трговски марки 601, а странски пријави за трговски марки во согласност со Мадридскиот протокол на Мадридскиот договор се поднесени 2548. Бројот на донесени решенија за заштита на правата од индустриска сопственост за трговски марки изнесува 1096 во 2019 година.

Во 2019 година во делот на заштита на индустрискиот дизајн поднесени се 36 пријави во Заводот и 243 пријави преку Хашкиот договор за меѓународна заштита и донесени се 30 решенија за признавање на правото на индустриски дизјан.

Меѓутоа, активностите на Заводот и во 2019 година беа многу поширoки од спроведувањето на основната законска надлежност и беа насочени кон обезбедување ефикасен систем на заштита и спроведување на заштитата на правата од интелектуална сопственост што е еден од основните критериуми кои треба да бидат исполнети во процесот на пристапување кон Европската унија и претставуваат обврска која произлегува од Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Ефикасната заштита претставува јасен сигнал за градење поволна пазарна клима и за привлекување странски инвестиции. Во таа насока, Заводот ги насочува своите активности кон оставрување на оваа

цел, а особено во доменот на создавањето законска рамка усогласена со законодавството на Европската унија.

Државниот завод за индустриска сопственост имаше активна улога и во делот на зајакнување на системот на заштита на правата од индустриска сопственост.

Постојаната обука на вработените со цел да се следи развојот во оваа област како и промоцијата на индустриската сопственост и подигањето на јавната свест за нејзиното значење, се само некои од активностите на Заводот. Исто така се настојува да се одржува високо ниво на техничка поддршка како услов за зголемување на ефикасноста во работењето и обезбедување транспарентност во работењето со овозможување пристап до базите на податоци на Заводот.

Во рамките на билатералната соработка со Светската организација за интелектуална сопсвеност во 2019 година се отпочна со подготовки и активности за реализирање Мастер студии за интелектуална сопственост за вкупно две лица, едно лице во Торино, Италија и едно лице во Краков Полска во учебната година 2019/2020.

Во 2019 година, Заводот отпочна и со подготовки во врска со одржување семинар за индустриски дизајн, во организација и соработка со Светската организација за интелектуална сопсвеност, во последниот квартал од 2019 година. Исто така Заводот, даде поддршка на проектот во реализација на Светската организација за интелектуална сопсвеност под наслов "Интелектуалната сопственост и туризмот", оценувајќи дека истиот би дал позитивни импликации во областа на економијата во земјата, а особено во туризмот кој во услови на глобализација во светот се посилно го карактеризира креативната побарувачка за различни производи и услуги со додадена вредност. Бенефитот од проектот исто така се гледа во подигање на свеста за улогата на ИС во туризмот и економските активности во врска со заштитата на идустриската сопственост како и заштитата на културното наследство, традиционалните знаења и традиционалната култура во земјата.

## Б. Анализа на состојбите и оценка на остварувањата во 2020 година

Се очекуваат позитивни резултати во делот на спроведувањето на управната постапка за признавање на правата од индустриска сопственост со зголемување на бројот на извршени дејствија во постапката и зголемување на ефикасноста во работењето преку понатамошно скратување на времето од поднесување на пријавата до започнување на постапката за признавање. При тоа треба да се има предвид дека според Законот постојат рокови кои мора да

се почитуваат, бидејќи произлегуваат од обврската за правото на првенство согласно меѓународните договори.

Меѓународните активности на Заводот се сврзани со учество на сесиите на Генералното собрание, комитетите и работните групи на Светската организација за интелектуална сопственост, во телата на Европската патентна организација што опфаќа учетво во работата на Административниот совет, Комитетот за буџет и финансии, Комитетот за техничка соработка и Комитетот за патентно право како и во работата на Заводот за интелектуална сопственост на Европска Унија (ЕУИПО).

Заради општата состојба во светот и воведувањето на вонредна состојба во Република Северна Македонија, со цел спречување на ширењето на пандемијата со вирусот COVID 19, Заводот преземаше потребни мерки.

Во рамките на борбата против вирусот COVID 19 како и препоралите на Светската здравствена организација и голем дел од активностите планирани во соработка со WIPO, EUIPO и EPO, се одложени за наредниот период, до стабилизирање на состојбата а значителен е и бројот на семинари, обуки, трнинзи кои WIPO, EUIPO и EPO ги организираат online, така што е овозможено вклучување на поголем број учесници.

Заводот оствари значајни активности и во евроинтеграциските процеси, ја раководи Работната група за поглавјето "Право на интелектуална сопственост" и активно учествува во подготовката, следењето и реализирањето на обврските од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ. Заводот подготвува материјали и учествува во работата на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција и Комитетот за стабилизација и асоцијација.

Заводот активно учествува и ја координира работата на Координативното тело за интелектуална сопственост и ги подготвува извештаите за реализираните активности на телото.

Заводот континуирано врши анализа на состојбите и ги детерминира и ги посочува чувствителните сегменти во кои треба да се дејствува и врз основа на тоа да се предлагаат мерки и активности за зајакнување на заштитата на правата од индустриска сопственост. Мерките и активностите што ќе се преземаат во правец на постојана надградба на системот на заштита на индустриската сопственост се дефинирани во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија во чие подготвување Заводот активно учествуваше.

Стратешкиот план на Заводот е заснован на обврските утврдени со Законот за индустриската сопственост, анализата на состојбите во областа на заштитата на индустриската сопственост, утврдената потреба за пермаментно надградување на системот на заштита и спроведување на заштитата, обврските преземени со Спогодбата за стабилизација и асоцијација и

обврската за давање придонес во реализацијата на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија.

Државниот завод за индустриска сопственост стана дел и активно учествува во реализацијата на заедничките проекти во рамките на Стратешкиот план 2023 на Европскиот патентен завод. Исто така, во текот на 2021 година, Заводот ќе потпише нов Билатерален план за соработка со Европскиот патентен завод чии што активности ќе произлезат од Стратешкиот план 20123 на ЕПЗ.
Од проектите во кои учествува Заводот во соработка со Европскиот патентен завод се:

- Обуки во рамките на Европската патентна мрежа
- Равој на материјали за е-учење
- Стекнување на податоци засновано врз квалитетот на изворот
- Новиот Espacenet
- Подигање на свеста за Европскиот патентен систем
- Поддршка за подготовка на Европскиот квалификационен испит(ЕКИ)
- Услуги за пред-дијагноза на ИС
- Зајакнување на Европската патентна мрежа
- Соработка во областа на ИТ
- Конвергенција на пракси
- преку проектот Европски федерален регистер на патенти, ги доставува библиографските податоци до регистерот и тоа на дневна база преку веќе воспоставената врска.

Државниот завод за индустриска сопственост по завршување на договорот за билатерална соработка со Заводот за интелектуална сопственост на Европската Унија (ЕУИПО) ќе склучи нов договор за соработка со важност до 2024 година.

Во рамките на билатералната соработка со Светската организација за интелектуална сопсвеност, како резултат на отпочнатите подготовки и активности за реализирање Мастер студии за интелектуална сопственост, едно лице успешно го заврши студиите во Торино, Италија во учебната година 2019/2020.

Во рамките на билатералната соработка на Државниот завод за индустриска сопственост со Светската организација за интелектуална сопственост, продолжува активноста за подобрување на системот ИПАС ЈАВА. Се очекува за истиот да се отстрануваат определени проблеми кои се јавуваат во текот на работењето со системот и негово усовршување. За таа цел потребно е постојано следење на обуките неопходни за постигнување на целта.

Државниот завод за индустриска сопственост, кон крајот на 2020 година и првата половина од 2021 ќе го имплементира проектот одобрен и финансиран од Европската унија, “**Техничка помош за развој на Национална стратегија за интелектуална сопственост 2020-2025 и развој на посветена е-мрежа за размена на податоци помеѓу институциите во системот на ПИС во Република Северна Македонија и поднесување на е-пријави за трговски марки, патенти, индустриски дизајни и е-услуги**”со цел зајакнување на сопствените административни капацитети, како и капацитетите на сите институции кои се дел од севкупниот систем за заштита и спроведување на правата од интелектуална сопственост.

***Мисијата*** *на Државниот завод за индустриска сопственост е да обезбеди услови за ефикасна и ефективна заштита на правата од индустриската сопственост и да го подигне нивото на заштита во согласност со високите меѓународни стандарди, како и активно да придонесува во креирањето на целокупниот систем на заштита и спроведување на заштитата на правата од индустриската сопственост. Така изградениот систем ќе претставува исполнет услов за интегрирањето во европските структури и ќе претставува моќна алатка за економски, културен и социјален развој на државата. За да ја реализира својата мисија, Заводот ќе обезбеди координирано, континуирано и ефикасно надградување на правната рамка, како и градење на кадровските капацитети, ќе биде активен член во градење на позицијата на државата во мегународните институции.*

*Визијата* на *Државниот завод за индустриска сопственост е да обезбеди систем на заштита во согласност со меѓународните стандарди и да претставува моќен инструмент за поттикнување на активностите на креативниот ум заради развој на стопанството, да ја заштитува индустриската сопственост, а со тоа рамноправно да ги штити и потрошувачите и авторите.*

**Приоритети и приоритетни цели на Заводот за 2021 година**

<u>Стратешките приоритети на Заводот ќе бидат насочени кон:</u>

1. Зголемување на ефикасноста во спроведувањето на управната постапка за признавање и заштита на правата од индустриска сопственост;
2. Создавање систем на заштита соодветен на европските и светските стандарди;
3. Јакнење на соработката со заводите за индустриска и интелектуална сопственост од другите држави и во тие рамки потпишување договор за билатерална соработка со Заводот на Грција;

4. Јакнење на соработката на полето на индустриската сопственост со Светската организација за интелектуална сопственост и Европската патентна организација;
5. Јакнење на соработката во областа на патентите со Европскиот патентен завод;
6. Јакнење на соработката со Заводот за интелектуална сопственост на Европска Унија;
7. Интегрирање во регионалните и меѓународните системи на заштита;
8. Јакнење на системот на заштита на индустриската сопственост;
9. Натамошно покачување и јакнење на нивото на соработката помеѓу институциите инволвирани во заштитата и спроведувањето на правата на интелектуална сопственост;
10. Поттикнување на користењето на индустриската сопственост како основ за економски развој.
11. Прераснување на Државниот завод за индустриска сопственост во сервисно ориентирана институција.
12. Јакнење на соработката помеѓу Државниот завод за индустриска сопственост и невладиниот сектор.

За оставрување на стратешките приоритети на Заводот се утврдуваат следните приоритетни цели:

**1. Создавање кадровски и технички претпоставки за поефикасно спроведување на управната постапка:**

- Ефикасна организираност на постојните кадри и перманентно стручно усовршување на вработените;
- Одржување и унапредување на нивото на техничка опременост;
- Воведување потполна автоматизација на административната постапка и работењето на Заводот;
- Создавање услови за електронско примање на поднесоци и воспоставување систем на електронски услуги во Државниот завод за ндустриска сопственост;
- Имплементација на систем за менеџмент со квалитет – ИСО 9001: 2008;
- Зголемување на бројот на спроведени постапки за 5% годишно;
- Скратување на роковите на постапување во согласност со одредбите од Законот за индустриската сопственост.
- Во Секторот за трговски марки, индустриски дизајн и географски ознаки, пријавите, барања за промени во регистри и приговорите да се земаат тековно без заостанување, во согласност со роковите предвидени во Законот за индустриска сопственост.

- Зголемување на соработката со здружението на застапници, СПАТУМ и НАИМ.
- Активности за подготовка на Стратегија за Индустриска сопственост за периодот 2020-2025, како и други активности за имплементирање на електронското поднесување на пријави за сите права од ИС и воведувањето на електронски сервиси.

**2. Унапредување на правната рамка за заштита на индустриската сопственост:**

- Воспоставување ниво на заштита на интелектуалната, индустриска и комерцијалната сопственост, близок на нивото на заштита и спроведување кој постои во Европската унија;
- Усогласување на водењето на управната постапка со европските стандарди;
- Воведување систем на перманентно усогласување на националната легислатива со новите прописи на ЕУ;
- Подобрување и имплементација на Методологијата за статистичко следење и обработка на податоци за преземените мерки од спроведување на правата од интелектуална сопственост како и воведување на електронска платформа за прибирање на податоците во согласност со Методологијата;
- Воведување поефикасни мерки за спроведување на заштитата на правата од индустриска сопственост.

**3. Создавање услови за интегрирање во регионалните и меѓународните системи на заштита на индустриската сопственост:**

- Спроведување на Европската патентна конвенција ;
- Создавање кадровски и технички услови за користење на ИПА фондовите и фондовите на Европската патентна организација.

**4. Обезбедување координиран пристап во спроведувањето на заштитата на индустриската сопственост:**

- Јакнење на соработката со другите институции вклучени во системот на заштита, размена на искуства и информации вклучително и во процесот на подготовка на Стратегија за Индустриска сопственост за периодот 2020-2025 како и во процесот на имплементирање на електронското прибирање на податоците во согласност со Методологијата за статистичко следење и обработка на податоци за преземените мерки од спроведување на правата од интелектуална сопственост;

- Воспоставување база на податоци за постапки при повреда на правата од индустриска сопственост;

**5. Промовирање на значењето на индустриската сопственост:**

- Ангажирање на дел од вработените или нови вработени на ДЗИС во не-административни работи, давање информативни услуги на корисниците, нивна едукација на полето на заштитата и спроведувањето на правата, посредување меѓу носителите на права и стопанството и координирање акции со други државни институции на ова поле;
- Достапност на базите на податоци на Заводот преку интернет;
- Запознавање на јавноста со значењето, потребата и придобивките од заштитата на индустриската сопственост;
- Поддршка на презентирањето на иновативниот труд во државата и странство.

**6. Ефикасна внатрешна организација**

Потребите од ефикасна организација на Заводот е во согласност со политиката на Владата на Република Северна Македонија и ќе се остварува преку следните активности:

- Подобрување на внатрешната организација во функција на зголемување на нејзината ефикасност во спроведувањето на постапките за заштита на правата од индустриска сопственост.
- Спроведување на активности сврзани со внатрешната ревизија.

## В. Активности за реализација на приоритетите во 2021

Реализацијата на приоритетите ќе се остварува преку реализација на повеќе активности.

**1. Управна постапка**

Активностите во делот на спроведување на управната постапка ќе бидат насочени кон унапредување на работењето, односно ефикасно и ажурно извршување на работите и задачите во постапката за признавање на правата од индустриска сопственост, и зголемување на продуктивноста. Како резултат на ваквото работење ќе се зголеми бројот на обработени пријави и други дејствија во постапката на признавање и одржување на правата, со што ќе се зголеми угледот и позитивно ќе влијае на зголемување на интересот за заштита на индустриската сопственост во нашата земја.

- Вработување на 3-ца државни службеници и тоа: “Помлад соработник за сметководство”, “Виш референт-економ” и “Самостоен референт - архивар”;
- Унапредување на 5-ца државни службеници и тоа: “Помошник раководител на сектор за општи работи”, “Советник за испитување на домашни патенти”, “Советник за домашни трговски марки”, “Советник за заштита на географски називи” и “Советник за постапување по промени и продолжување на важноста на индустриски дизајн”;
- Распоредувања на 2-ца државни службеници од категоријата на помошно – стручни административни службеници во помлади соработници, и тоа: “Помлад соработник за обработка на документи за патенти”;
- Обука на вработените со вклучување на државни службеници во семинарите организирани од СОИС;
- Обука на вработените со вклучување на државни службеници во семинарите организирани од ЕПЗ;
- Обработка на пријави на патенти (1000), трговски марки (1.400), индустриски дизајн (300) и заштита на географски називи;
- Дејствија во постапката за признавање и одржување на правата и тоа: (ТМ–16.500; Патенти-15.000; Индустриски дизајн – 500);
- Активности и ангажирање во Секторот за трговски марки, индустриски дизајн и географски ознаки, пријавите, барања за промени во регистри и приговорите, со цел да се земаат во работа,тековно без заостанување, но во согласност со роковите предвидени во Законот за индустриска сопственост

- Подготовка и издавање на службено гласило на крајот на секој месец во годината;
- Пребарување на базите на податоци на барања на заинтересирани странки, издавање потврди, изводи од регистри;
- Дејствија во врска со застапувањето пред Заводот.

**2. Унапредување на правната рамка**

Заради перманентно обезбедување информации за промените во светската регулатива во доменот на индустриската сопственост, усогласување на домашнато законодавство со законодавството на Европската унија, Европската патентна конвенција и меѓународните договори, обезбедување поефикасна административна постапка особено преку обезбедување унифицирана практика, обезбедување соодветно покривање на одделни аспекти од спроведувањето на правата од индустриска сопственост со други закони и обезбедување соодветна правна заштита на индустриската

сопственост како основа за привлекување странски инвестиции, ќе бидат преземени следните активности:

- Спроведување на Законот за индустриската сопственост;
- Изработка на упатства во врска со отпочнувањето постапка за заштита на правата од индустриската сопственост и како до реализација на заштитата, за трговски марки, дизајни, патенти и географско потекло, со цел олеснување на работата на подносителите на пријави од индустриската сопственост и намалување на обемот на оврските на испитувачите во Заводот во однос на консултациите со заинтересираните лица.

- Следење на промените во меѓународната и европската регулатива и проценување на потребите за усогласување на домашната легислатива со овие промени.
- Активности во врска со подготовки за пристапување кон Женевскит акт за Географско потекло во Светската организација за интелектуална сопственост

- Активности во врско со транспонирањето на новите Директиви кои се однесуваат на индустриската сопственост во Законот за индустриска сопственост.

### 3. Процес на интеграција

Заради подобрување на позицијата на земјата во меѓународни рамки, а особено заради исполнување на условите со пристапувањето во Европската патентна организација и исполнување на обврските од членството во СОИС и СТО, како и за зајакнување на билатералната соработка, ќе бидат преземени следните активности

- Обука на вработените за подготовка и реализација на ИПА проекти;
- Обука на кадри за утврдување на преговарачки позиции и водење преговори во процесот на евроинтеграциите;
- Планирање, координација на реализацијата и мониторинг на НПАА;
- Изготвување на материјали и извештаи за потребите и учеството во Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција
- Следење на материјалите на телата на Европската унија и подготовка на материјали за средби на работни групи, поткомитети и комитети;
- Активно учество во работата на меѓународни и регионални институции, подготовка на мислења и забелешки по документи, учество на состаноци.

4. **Спроведување на заштитата**

За подигнување на нивото на соработка помеѓу органите и институциите вклучени во системот, зголемување на ефикасноста на спроведување на заштитата; транспарентност во спроведување на заштитата и резултатите од преземените активности и подигнување на нивото на јавната свест за значењето на заштитата на правата од индустриска сопственост и последиците од нивната повреда, се планираат следните активности:

- Утврдување на рамништето на комуникација во соработката, потпишување на меморандуми;
- Оценување на потребите од обука на кадри кај другите институции и дефинирање на систем на обука;
- Пополнување на базата на податоци со информации од субјектите вклучени во системот;
- Организирање на обуки од областа на индустриската сопственост во организација на ДЗИС, СОИС, ЕПО и ЕУИПО;
- Активност во врска со отпочнување на подготовки и реализирање на изработка на нова Стратегија за индустриска сопственост 2020- 2025
- Развивање на посебна посветена електронска мрежа за поврзување на институциите кои се дел од системот на правата од интелектуална сопственост која ќе содржи различни модули кои се однесуваат на: електронска платформа за спроведување на Методологијата за прибирање и процесуирање на податоци од институциите надлежни за спроведување на правата од интелектуална сопственост, модул за електронско учење, форум за размена на искуства помеѓу вработените во институциите итн. Исто така во рамките на посветената мрежа се планира и електронското поднесување на пријави и целокупната пропратна докментација за сите права од индустриска сопственост.

5. **Промоција на индустриската сопственост**

Потребата од континуирано зголемување на свеста за значењето на индустриската сопственост, пошироко запознавање со системот на заштита на индустриската сопственост, презентирање и поттикнување на инвентивниот труд во земјата и странство, се определби на Заводот која ќе се остваруваат преку следните активности:

- Достапност на базите на податоци на Заводот преку интернет;
- Издавање публикации во врска со значењето на индустриската сопственост;
- Доделување признание – Патент на годината;
- Пригодно одбележување на Меѓународниот ден на интелектуалната сопственост (26 април);
- Презентирање на избрани пронајдоци на меѓународни изложби.

- Учество во својство на членови на жири комисии и доделување на парични награди за најдобрите иноватори во Макинова 2020, Еконова 2020 и меѓународната изложба на иновации - ИНОВАМАК 2020;
- Реализација на активности за пред дијагноза со што ќе се промовира индустриската сопственост како алатка за развој на бизнисот, ќе се обезбеди анализа на статусот на ИС кај МСП, ќе се нагласи вредноста на политиката на ИС за компаниите, ќе се предвидат конкурентните предности генерирани од ИС и ќе се дадат препораки за акција и компетенции потребни за нивно спроведување. Државниот завод за индустриска сопственост ќе ги обезбеди овие услуги на локалните МСП и ќе го зајакне нивното разбирање и употребата на ПИС, особено патентите;
- Отпочнување со активности, согласно насоките на Светската организација за интелектуална сопственост во врска со предвидениот проект "Интелектуалната сопственост и туризмот;
- Развивање на апликација за мобилни телефони како еден од начините за промоција на Државниот завод за индустриска сопственост како и на системот за заштита и спроведување на правата од индустриска сопственост;
- Превземање активности во соработка со Европската патентна организација за промоција на Европскиот патентен систем и Европската патентна организација преку преведување на стручна литература;
- Превземање на активности во соработка со Европската патентна организација за дисеминација на информации за правата од индустриска сопственост во универзитетите;
- Превземање на активности за преведување на македонски на интерфејсот на новата espacenet платформата за стручно пребарување на патентна литература;
- Превод на модули за обука од областа на индустриската сопственост во соработка со Европската патентна организација;
- Развивање на четири модули кои произлегоа од проектот кој што беше реализиран со техничка помош од Кралството Норвешка, и тоа:

    Модул 1: Услуги што Државниот завод за индустриска сопственост ги пружа на јавноста

    Модул 2: Практиката на Државниот завод за индустриска сопственост

    Модул 3: Практиката на Управниот суд на Република Северна Македонија

    Модул 4: Полагање на стручен испит за застапници за индустриска сопственост и информации за застапниците;

- Превземање на активности за соработка со Европскиот патентен во областа на ИТ;
- Превземање на активности за соработка со Европскиот патентен во преку програмата за Конвергенција на пракси;
- Преку проектот Европски федерален регистер на патенти редовно доставување на библиографските податоци до регистерот и тоа на дневна база преку веќе воспоставената врска.

Успешната реализација на овие активности ќе резултира со зголемување на обемот на заштита на правата од индустриска сопственост, подигнување на стандардите во заштитата на правата, покачување на нивото на свеста за значењето на индустриската сопственост и знаењето за системот на заштитата, зголемување на економскиот ефект од примената на креациите на инвентивниот труд, а посебно во исполнување на обврските од извештајот на Европската комисија за обезбедување поефикасно спроведување на заштитата на правата од индустриска сопственост.

6. **Ефикасна внатрешна организација**

Потребите од ефикасна внатрешна организација на Заводот ќе се остварува преку следните активности:

- Имплементација на систем за менеџмент со квалитет – ИСО 9001: 2008;
- Спроведување на активности сврзани со внатрешната ревизија;
- Спроведувањена активности сврзани со јавната внатрешна финансиска контрола.

| **Програма**: Заштита на индустриската сопственост<br>**Потпрограма**:<br>**Дата**: Фискална година 2021<br>**Цел**: Зголемување на ефикасноста во спроведување на управната постапка за признавање и заштита на правата од индустриска сопственост | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Рок или динамика | Потребни ресурси | Индикатор |
| Обработка на пријави на патенти (1000), трговски марки (1400), индустриски дизајн (300)и заштита на географски називи | Раководителите на секторите | континуира но | | Месечни, квартални и годишни извештаи за завршени предмети |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Дејствија во постапката за признавање и одржување на правата (32.000); | Раководителите на секторите | континуирано | | Месечни, квартални и годишни извештаи за завршени активности |
| Подготовка и издавање службено гласило на крајот на секој месец во годината | Раководителите на секторите, Помлад соработник-систем инжинер | секој месец | Податоци од секторите | Издадено службено гласило |
| Пребарување на бази на податоци на барања на заинтересирани странки, издавање на потврди, изводи од регистри | Раководителите на секторите | континуирано | Поднесени барања од заинтересирани странки | Квартални и годишни извештаи за реализирани активности |
| Дејствија во врска со застапувањето пред Заводот | Сектор за трговски марки, индустриски дизајн и географски називи и билатерална соработка со Светската организација за интелектуална сопственост (WIPO) и Заводот за интелектуална сопственост на Европска унија (ЗИСЕУ)" и "Раководител на одделение за патенти" во "Секторот за патенти, технолошко набљудување и билатерална соработка со Европскиот | континуирано | | Квартални и годишни извештаи за раеализирани активности |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | патентен завод (ЕПО)" | | | |
| Активност во врска со отпочнување на подготовки и реализирање на изработка на нова Стратегија за индустриска сопственост 2020-2025 | Раководители на сектори | | | |
| Активност во врска со отпочнување на подготовки и реализирање на активности од имплементирањето на електронското поднесување на пријави и електронските сервиси | Раководители на сектори | До крајот на 2021 | | |

**Програма**: Заштита на индустриската сопственост
**Потпрограма**:
**Дата**: Фискална година 2021
**Цел**: Унапредување на правната рамка за заштита на индустриската сопственост

| Активност | Одговорни | Рок или динамика | Потребни ресурси | Индикатор |
|---|---|---|---|---|
| Воведување поефикасни мерки за спроведување на заштитата на правата од индустриска сопственост | Работна група | континуирано | Спроведување редовни контроли | Извештаи од реализирани активноти |
| Изработка на упатства во врска со | Работна група | До крајот на 2021 | | упатства за трговски марки, дизајни, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| отпочнувањето постапка за заштита на правата од индустриската сопственост и како до реализација на заштитата, за трговски марки, дизајни, патенти и географско потекло, | | | | патенти и географско |
| Активности во врска со подготовки за пристапување кон Женевскит акт | Работна група и претставник од МНР | 2021 | | Членство во Женевскиот акт |
| Следење на промените во меѓународната и европската регулатива и проценување на потребите за усогласување на домашната легислатива со овие промени. | "Раководител на сектор за трговски марки, индустриски дизајн и географски називи и билатерална соработка со Светската организација за интелектуална сопственост (WIPO) и Заводот за иоинтелектуална сопственост на Европска унија (ЗИСЕУ)" и "Раководител на одделение за патенти" во "Секторот за | континуирано | | Подготвени информации, база на податоци за меѓународна регулатива |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | патенти, технолошко набљудување и билатерална соработка со Европскиот патентен завод (ЕПО)" | | | |

| **Програма**: Заштита на индустриската сопственост<br>**Потпрограма**;<br>**Дата**: Фискална година 2021<br>**Цел**: Создавање услови за интегрирање во регионалните и меѓународните системи на заштита на индустриската сопственост | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Рок или динамика | Потребни ресурси | Индикатор |
| Планирање, координација на реализацијата и мониторинг на НПАА | Работна група, членови од ДЗИС | континуирано | Обука на вработените за водење ИПА проекти и преговори со ЕУ | Извештаи по материјали |
| Следење на материјалите на телата на Европската Унија и подготовка на материјали за средби на работни групи, поткомитети и комитети | Работна група, членови од ДЗИС | континуирано | Подготвени материјали од членовите на работната група | Извештаи од состаноци |
| Учество во работата на меѓународни и регионални институции, подготовка на мислења и забелешки по документи, учество на состаноци | Раководители на сектори | | | Извештај по материјали и од состаноци |
| Подобрување и имплементација на | Членови на работна | | | Поднесување на нов предлог за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Методологијата за статистичко следење и обработка на податоци за преземените мерки од спроведување на правата од интелектуална сопственост | група, еден член од ДЗИС | | | подобрена Методологија за прибирање и обработка на податоци за преземените мерки од спроведувањето на правата од интелектуална сопственост |
| Реализирање активности предвидени Стратешкиот план 2023 на Европскиот патентен завод како и Билатералниот договор кој ќе биде потпишан. | | континуирано | | |
| Реализирање активности за потпишување договор за билатерална соработка со Заводот на Грција | Работна група и МНР | 2021 | | |
| Реализирање на активности предвидени со Меморандумот за соработка со ЕУИПО | | континуирано | | |

| **Програма**: Заштита на индустриската сопственост<br>**Потпрограма**:<br>**Дата**: Фискална година 2021<br>**Цел**: Обезбедување координиран пристап во спроведувањето на заштитата на индустриската сопственост | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Рок или динамика | Потребни ресурси | Индикатор |
| Пополнување на базата на податоци со информации од субјектите | Раководители на сектори, ИТ експерт | континуирано | | Степен на пополнетост на базата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| вклучени во системот | | | | |
| Оценување на потребите од обука на кадар кај другите институции и дефинирање на систем на обука | Работна група | континуирано | Обезбедување податоци од субјектите | План за потреби за обука |

| **Програма**: Заштита на индустриската сопственост<br>**Потпрограма**:<br>**Дата**: Фискална година 2021<br>**Цел**: Промовирање на значењето на индустриската сопственост | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Рок или динамика | Потребни ресурси | Индикатор |
| Запознавање на јавноста со значењето и потребата од заштитата на индустриската сопственост, издавање публикации, промотивни материјали, одбележување на меѓународниот ден на интелектуалната сопственост, патент на годината | Работна група | континуирано | Програма за реализација на активностите, обезбедување техничка и финансиска поддршка од други институции | Подготвени материјали |
| Поддршка на презентирањето на иновативниот труд во државата и странство | Раководител на сектор за патенти | континуирано | План за учество на изложби и саеми | Извештаи од извршени активности |
| Отпочнување со активности, во врска со проектот "Интелектуалната | Светската организација за интелектуална | Согласно насоките на Светската организација | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| сопственост и туризмот во врска со предвидениот проект | сопственост и претставници /учесници од ДЗИС | за интелектуална сопстеност | | |
| Ангажирање на дел од вработените или нови вработени на ДЗИС во не-административни работи, давање информативни услуги на корисниците, нивна едукација на полето на заштитата и спроведувањето на правата, посредување меѓу носителите на права и стопанството и координирање акции со други државни институции на ова поле. | | континуирано | | |

| **Програма:** Заштита на индустриската сопственост<br>**Потпрограма:**<br>**Дата:** Фискална година 2021<br>**Цел:** Обезбедување ефикасна внатрешна организација | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Рок или динамика | Потребни ресурси | Индикатор |
| Вработување на на 3-ца државни службеници | Раководител на сектор за општи работи | Прво полугодие на 2021 година | Предвидени средства во Буџетот за 2021 г. | Анализа за задачите во секторите |
| Унапредување на 5-ца државни службеници | Раководител на сектор за општи работи | Прво полугодие на 2021 година | Предвидени средства во Буџетот за 2021 г. | Анализа за задачите во секторите |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Распоредување на 2-ца државни службеници | Раководител на сектор за општи работи | Прво полугодие на 2021 година | Предвидени средства во Буџетот за 2021 г. | Анализа за задачите во секторите |
| Извршување на обврски од делокругот на внатрешната ревизија | Раководител на одделението за внатрешна ревизија | континуирано | | Извештај од извршените работни задачи согласно законот за внатрешна ревизија |

ДИРЕКТОР:
Dr. Safet Emruli